КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Заклучоци од стручниот собир:

# ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА – НЕДОСЛЕДНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ

одржан на 17 септември 2018 година во просториите на Комора ОАИ

Град Скопје кој е надлежен за заверка на елаборатите и одобрување, не секогаш е во можност да излезе на лице место и да ги контролира сите елементи бидејќи на годишно ниво се доставуваат околу 200 барања, па заради тоа најчесто укажува доверба на правнот  лиценциран субјекти и на овластениот инженер и го одобрува нивниот елаборат. (Елаборатите не содржат фото документација од локацијата).

Забележани се лажирање на податоци во елаборатите за урбана опрема и намерни превиди на постоечка урбана опрема и други елементи кои влијаат на елаборатот за поставување урбана опрема кои се сериозен етички прекршок на изготвувчите на елаборатите. Со тоа се нанесува штета на јавниот простор и ранливите групи во сообраќајот.

Од Комората се апелира до лиценцираните форми и до носителите на овластувања да се придржуваат кон упатствата за изработка на елаборати и да употребуваат вистински податоци, кои произлегуват од состојбите на терен.

Секое натамошно несовесно постапување, уочени намерни превиди по пријава на инспекциски орган или други заинтересирани ќе биде разгледувано и ќе бидат покренувани дисциплнински постапки против овластените инженери потписници на елаборатите, согласно статутот на Комората.

Град Скопје, е должен видливо да го обележи просторот на кој смее да се постави урбана опрема и летна тераса на јавниот простор.

Од Град Скопје сметаат дека инспекциските служби би морале поинтензивно да се занимаваат со контролите и сите забележани недостатоци да ги  пријавуваат, и да изрекуваат соодветни санкции, кон корисниците (угостителски и други објекти) кои направиле отстапки од одобрениот елаборат, како и да дадат замерки за отстапување на одобрени Елаборати во однос на постојна состојба на терен.

Глобите се релативно мали и прекршителите најчесто ги плаќаат и продолжуваат со работа без да извршат корекции. Затоа,  за повеќекратните прекршители треба да се применуваат построгите санкции како што е одземање на дозволата за работа на одредено време без право повторно да аплицираат во рок од 6 месеци. Бројот на казни за овој вид прекршоци е минорен (како да нема изречено ниедна казна од овој ранг) и можеби тоа влијае на соодветна недисциплина на прекршителите.

Примери на намерно упатување на угостителите, од страна на стручните лица изработувачи на елеборатите, за тоа како да ги избегнат и да ги заобиколат законските прописи, исто така треба да се предупредат и да се санкционираат, бидејќи таквото однесување е на штета на граѓаните корисници на јавните површини, пешаци, деца, велосипедисти, лица со посебни потреби, стари и изнемоштени, кои во такви случаи на несоодветни решенија мора да ги користат коовозите и да се изложат на сериозна опасност од сообраќајни несреќи.

РСБСП предупреди дека кога се работи за пешачките и велосипедски патеки, загрозени се пешаците од поставување на урбана опрема. Ако загрозеноста  произлегува од елаборати со лажирани податоци (намерни превиди и погрешни мерења), можно е при случување на сообраќајни несреќи со повредни пешаци, да се покрене и кривична постапка за правниот субјект и за физичкото лице изработувач на документацијата за несоодветно поставена урбана опрема која била причинател за незгоди со повреда на пешаците.

Комората  ќе реагира на секој поднесок кој во себе содржи доволно елементи за покренување дисциплинска постапка во склад со Статутот, а во вркса со одржаниот собир, дописот од град Скопје, и заклучоците од работилницата ќе испрати АПЕЛ до своите членови, при својата работа да ги почитуваат законите, правилниците и упатствата за работа, како и да работат во склад со ЕТИЧКИОТ КОДЕКС на Комората на кој се обврзани при добивање на овластување за својата работа.